# З А П И С Н И К
## од 5-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово
## одржана на 26.12.2025 година

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 16.00 часот. Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Марија Чурлинова.

На седницата присутни беа сите членови на Советот на Општината, градоначалникот и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Општина Валандово .

За работа на 5-тата редовна седница, беше предложен дневен ред о д 27 точки.

Претседателот на Советот предложи дополнување на дневниот ред со една дополнителна точка, 28-ма точка.

Дополнувањето беше ставено на гласање и изгласано со 15 гласа ЗА .

Процедурално за збор се јави Надица Недиќ. Рече дека се прави преседан со тоа што седницата само се снима и не се пренесува во живо и се прашува дали треба да се продолжи со работа.

Претседателката на Советот Марија Чурлинова појасни дека седницата се снима и ќе се прикажува во утрешниот ден.

Дневен ред:

1. Предлог - Буџет на Општина Валандово за 2026 година;
2. Предлог - Одлука за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2026 година;
3. Предлог - Буџетски календар за 2026 година;
4. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година;
5. Финансиски план на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за 2026 година;
6. Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2025 година до 30.09.2025 година;
7. Предлог - Одлука за давање согласност за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Комунален сервис-Валандово;
8. Предлог - Програма за работа и развој на Јавното претпријатије „Комунален сервис” Валандово за 2026 година;
9. Предлог - Програма за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година;
10. Предлог - Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2026 година;
11. Предлог- Програма за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2026 година;
12. Предлог - Програма за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2026 година;

13. Предлог – Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2026 година;
14. Предлог – Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2026 година;
15. Предлог - Програма за одржување на јавната чистота во Општина Валандово за 2026 година;
16. Предлог - Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на подрачјето на Општина Валандово за 2026 година;
17. Предлог - Програма за активности на Општина Валандово во областа на културата во 2026 година;
18. Предлог – Програма за спорт на Општина Валандово за 2026 година;
19. Предлог - Програма за одбележување на значајни дати, настани и личности од поблиското и подалечното минато на македонскиот народ и општината во 2026 година;
20. Предлог – Програма за активностите на општина Валандово во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2026 година;
21. Програма за активности на Општина Валандово во областа на социјалната заштита за 2026 година;
22. Предлог - Програма за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2026 година;
23. Предлог – Програма за работа на Советот на Општина Валандово за 2026 година;
24. Предлог - Програма за работа на ТППЕ Валандово за 2026 година;
25. Предлог – Решение за престанување на мандатот и за именување на претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово;
26. Предлог – Одлука за бесплатен престој на децата од семејства со социјален ризик, семејства приматели на социјална помош и деца со самохран родител во ЈОУ Детска градинка „Калинка“ Валандово;
27. Предлог – Одлука за доделување на еднократен финансиски надоместок за новородено дете на семејства со фактичко и континуирано живеалиште на подрајчето на Општина Валандово.
28. Предлог- Одлука за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на Општината Валандово.

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Крсте Тодоров се јави и даде предлог за 26-тата и 27-мата точки да се симнат од дневниот ред, бидејќи според него истите се дискриминирачки.

Предлогот беше ставен на гласање и со 7 гласа ЗА и 8 против не беше изгласан.

Никој друг не се јави со предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред со 28 точки и истиот беше ставен на гласање и со 8 гласа ЗА и 7 ПРОТИВ беше усвоен.

Беше отворена расправа по записниците од 4-тата редовна седница и од 2-рата вонредна седница.

Никој не се јави за збор и истите беа ставени на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА .

ТОЧКА 1

По Предлог - Буџет на Општина Валандово за 2026 година образложение даде раководителот на Одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова Јорданова.

Таа рече дека Според Законот за Буџет, Буџетот на општината е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува Основниот Буџет, Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на Дотации, Буџетот на Донации и Буџетот на Заеми. Согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, дефинирани се сопствените приходи на Основниот Буџет и утврдени се ограничувањата при планирање на сопствените приходи во Основниот Буџет.

Рече дека сопствените приходи на Основниот Буџет на општината се: даночните приходи, неданочни приходи, капитални приходи и трансфери без дотација од Данокот на додадена вредност. Согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, сопствените приходи на Основниот Буџет на општината може да се планираат со пораст најмногу од 20% од просечно остварените приходи во последните 3 (три) години, според податоците од трезорската евиденција. Вкупните приходи на Основниот Буџет на општината се составени од сопствени приходи, дотација од Данокот на додадена вредност и трансферите од други нивоа на власт врз основа на склучени договори.

Во Предлог Буџет на општина Валандово за 2026 година планиран е пренесен вишок на средства од претходна 2025 година, износ 6.018.000 денари, 2.018.000 денари по Одлука на Влада на РСМ за трансферирање на средства од Министерство за животна средина и просторно планирање за реализација на основен проект- изградба дел од колектор, дел 1 и износ 4.000.000 денари, пренесено салдо во Основен Буџет. Планирани се и износи- трансфери од други нивоа на власт, износ од 13.736.000 денари за изградба на капела на градски гробишта Валандово по Одлука на Влада на РСМ за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локална самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2024 година, бр. 41-12265/22, 10.12.2024 година, износ од 26.000.000 денари за изградба на затворен пливачки базен во СОУ Гоце Делчев Валандово по Договор бр. 09-10196/36 од 17.07.2025 денари склучен помеѓу Општина Валандово и Министерство за образование и наука, износ 10.200.000 денари за реконструкција на ООУ ПУ Даме Груев с. Брајковци по Договор бр. 09-10196/32 од 17.07.2025 година склучен помеѓу Општина Валандово и Министерство за образование и наука и износ 6.525.000 денари за Адаптација на ЈП Комунален сервис во Валандово и поставување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија по Договор бр. 15-5761/1 од 18.07.2025 година склучен помеѓу Општина Валандово и Министерство за транспорт.

За Буџетот на Општина Валандово за 2026 година рече дека е изработен согласно насоките доставени од Министерство за финансии за подготовка на буџетите на единиците на локална самоуправа за 2026 година и проектиран е во вкупен износ од 396.043.000 денари и тоа:

1. Основен буџет во износ од 167.458.000
2. Буџет на самофинансирачки активности во износ од 11.488.000
3. Буџет на дотации во износ од 216.526.000
4. Буџет на донации во износ од 571.000 денари.

Основен буџет изработен е согласно рамката пропишана со член 2 и член 22 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа:

- 68.876.837 денари максимален износ на сопствените приходи
- 36.102.620 денари износот на проектирана дотација од ДДВ.

Беше отворена расправа.

Градоначалникот Ѓоко Камчев зема збор. Рече дека пред Општината стои тешка финансиска година, но за тоа сме тука, за да ги решаваме предизвиците.Затекната е лоша финансиска состојба со 30 000 000 , оо обврски и ако се земе во обзир дека буџетот на ОВ е 105 000 000 денари, значи дека една третина од истиот е веќе потрошен и треба цела година да се враќаат долгови и да се прави рационализација на сите трошоци. Рече дека стратешкиот принцип треба да биде водечки принцип. За да се задоволат некои потреби на одредена група граѓани ќе се загрози стабилноста на општината. Некои започнати проекти не се сериозни и не ги одредуваат основните потреби на граѓаните, од унгарскиот кредит.

Буџетската рамка е 104 000 000 денари, тоа се сопствени приходи, 36 000 000 се од ДДВ,со 68 000 000 приходи. Рече дека треба да се наполни буџетот со сите механизми,сите што должат да си ги платат долговите .Да се овозможи на сите граѓани под олеснителни околности да си ги подмират своите обврски. Рече дека буџетот е реален и рестриктивен, 47,6 % се за капитални расходи и е насочен кон основните потреби на граѓаните. Треба да се направи контрола и дисциплина и со ограничени финансии треба да биде ефикасен и во насока на подобрување на квалитетот на живот. Пред 20 дена рече дека се нафатил за сервисирање на обврските за електрична енергија на ЈП Комунален сервис. Рече дека досега се платени 14 000 000 денари, а вкупниот долг е 26 000 000 денари.Општината се соочува со таква состојба да ниедна компанија не сака да даде материјали поради натрупани долгови. Ја искористи приликата и ги повика сите граѓани да си ги подмират сите обврски кон ЈП да не се доведе до прашање работа ЈП Комунален сервис. Рече дека рече дека треба да се направи ЈП достојно и за респект. Рече дека од тоа што му е зацртано во програмата нема да отстапува иако првата година е започната со финансиски проблеми. Ќе се носат стратешки одлуки кои ќе носат успех во наредните 4 години.

Ерсан Фетиков се јави за збор. Рече дека овој Буџет не е банкрот, општината нема кредити, нема депозити. Рече дека оваа власт одлучи да штеди на младите и децата,на луѓето кои не живеат во општината плаќаат даноци по некој основ. Рече дека се прави дискриминација и тоа не е добро.

Градоначалникот побара да се зборува со факти.Советот одлучил да ја прекине партиципацијата од 1400 денари , бидејќи сега градинките имаат проблем. Просторните услови и воспитно-згрижувачкиот кадар се доведува до прашање. Со новата одлука предвидено е ослободени од плаќање да бидат самохраните родители и примателите на социјална помош, а партиципацијата од 1490 денари е веќе 25 години непроменета.

Во јануари рече дека ќе се донесе нова одлука за поквалитетен престоја на децата во градинките.

Рече дека не е добро да се обезбедуваат бесплатни услуги, за подоцна да се изгуби се. Во правењето на градинки-клонови вложени се доста средства, а со нерационално работење се загрозува се. Оваа мерка важи до 31.12.2025-та година и не се укинува туку само се преименува и со неа ќе се направат нови и подобри услови. Сега родителите реагираат што децата не ја добиваат потребната нега и храна.

Претседателката на Совет Марија Чурлинова го праша советникот Ерсан Фетиков како знае од ставките дали има долгови од претходните години.

Ерсан Фетиков рече дека нема слушнато за тоа дека градинките не работат добро и дека е лоша состојбата .

Мартин Мишков зема збор. Рече дека градоначалникот објасни дека Општината има долгови, а опозицијата сака да потврди дека овие долгови се од 2025 година и се тековни, а ако се дадат на извршител тие ќе бидат 20% поголеми.

Момчило Павлов се јави за збор. Рече дека долгот од 30 000 000 на општината и 25 000 000 на ЈП Комунален сервис не се мали, а долгот што беше 14 000 000 за 3 месеци стана 30 000 000 денари.

Надица Недиќ се јави за збор. Рече дека ЈП Комунален сервис е претпријатие на Општина Валандово општината секогаш ќе го поддржува.

Тања Атанасова се јави за збор. Рече дека таа смета дека одлуката не е во ред и дека родители со 2-3 деца не можат да си ги плаќаат обврските

Градоначалникот одговори дека сите загрозени категории на граѓани ќе бидат ослободени и ќе продолжат со бесплатна градинка. Рече дека во 2026 година ќе има финансиска ревизија на работата на Општината и на ЈП Комунален сервис и резултатита пред јавноста ќе биде објавени. Рече дека во моментот има 30 000 000 денари доспеани долгови, а уште 10 000 000 денари не се доспеани. Праша зошто досега не се исплатени новороденчињата, првачињата, средношколците. Изборите се само изговор, тоа се редовни обврски. Не е потребно да се ветува надомест за новороденче 30 000,оо денари, а редовните 5 000 денари не се исплатени.

Надица Недиќ се јави повторно за збор. Рече дека било очекувано да се расправа за празната каса и дека многу општини се во полоша состојба, но не укинуваат проекти кон граѓаните. Има проекти кои се со вредност од 200 000 000 денари кои ќе ги подобрат условите во Општината. Во Буџетот се прикажани тековите од другите нивоа и работата на општината не е загрозена. Рече дека смета дека обврските без проект се проблем, а овде има проекти.

Градоначалникот рече дека не знае од каде и се овие бројки 200 000 000 денари, кога проектот за базенот е 55 000 000 денари. Во период на немање проекти, ОВ аплицирала за

унгарскиот кредит со изградба на базен. Другите општини кои го имаа, со 10 пати поголем буџет( како Кисела Вода), веќе го затворија поради големи трошоци за одржување.За струја се потребни само 1 000 000 месечно, 4 вработувања најмалку и тоа е вкупно 13 000 000 денари годишно што општината треба да ги субвенционира. Како тоа ќе донесе развој на општината.

Праша зошто бесплатни градинки не се вовеле пред 5,6,7 години туку сега пред избори. Побара да се набројат 5 општини кои ја имаат оваа мерка.

Надица Недиќ се јави за конта реплика. Рече дека мерката за бесплатна градинка е донесена минатата година и таа гласала за неа бидејќи мислела дека е правична.

Марија Чурлинова се јави за збор. Даде пример како не треба да се прави. Рече дека ако таа има домашен буџет од 30 000 денари и не ги подмирува своите обврски и се расфрла со парите за друго, тоа не е пример за домаќинско работење.

Надица Недиќ се јави со контра реплика. Рече дека овие 30 000 000 денари долг се околу 7%. Може да се скрати од било што друго , а не од децата.

Градоначалникот реплицираше на Надица Недиќ и рече дека на буџет од 105 000 000 денари , 30 000 000 денари не се 7% туку 30 %.

Претседателката на Советот рече дека Буџетот кој се разгледува ќе биде наменет за сервисирање на долговите и неплатените обврски кои се 1/3 од буџетот. 15 000 000 денари за 3 месеци станаа 30 000 000 денари и прикривањето на обврските не е решение.Таа даде завршно обраќање. Рече дека пред да пристапи кон гласање, чувствува должност како претседател на Советот јавно и јасно да укаже на суштината на проблемот со кој денес се соочува Општината и да го заокружи тоа што денес произлезе од расправата. Буџетот што денес се разгледува рече дека не е само бројка на хартија, туку е огледало на реалната состојба во која се наоѓа Општина Валандово. Рече дека значителен дел од овој буџет, не е наменет за нови проекти или развој, туку за сервисирање на долгови кои биле создадени и оставени неподмирени во претходниот период и обврски кои мора да се плаќаат без разлика кога и како настанале. Наследени се значителни долгови, кои очигледно не биле навремено прикажувани, обврски кои што не биле целосно евидентирани. На втората седница се разгледуваше кварталниот извештај до 30.09.2025 година, во кој како обврски беа евидентирани и прикажани околу 15 милиони денари, за да наеднаш тој долг за месец дена порасне на 30 милиони. Рече дека очигледно е дека Општина Валандово која важеше за една од најтранспарентните општини, па и не била така транспарентна пред своите граѓани. Поради тоа што нетранспарентноста и прикривањето на обврските се директен удар врз интересот на граѓаните.Рече дека нетранспарентноста и прикривањето на финансиската состојба ја доведоа Општината во позиција денес да нема простор за избор, туку да бара решение. Овие долгови сериозно го ограничуваат дејствувањето и го забавуваат развојот на општината, но прикривањето и одложувањето на обврските, повеќе не се опција.Овој буџет иако е рестриктивен таму каде што мора, е реален и насочен кон најважните потреби на граѓаните. Претстои период на стабилизација, а не на популизам. Период во кој ќе мора да се носат тешки, но исправни одлуки. Чекор по чекор да се стабилизира општината, да се подмират старите обврски и истовремено да се обезбеди функционирање на основните услуги на граѓаните. Рече дека во тој процес, потребна е заедничка одговорност. Не само од институциите туку и од

граѓаните. Навременото подмирување на обврските кон општината, е клучно за финансиското закрепнување.Ја искористи приликата и ги повикува советниците да го стават јавниот интерес пред се, и да дадат поддршка на Буџетот, кој е прв чекор кон расчистување на неодговорното управување од минатото и кон стабилизирање на Општината. Граѓаните заслужуваат вистина, отчетност и одговорност и тоа е должност. А како Совет, рече дека ќе останат буден коректор и ќе инсистираат на целосна отчетност за секој денар и секоја превземена обврска.

Никој друг не се јави за збор и Предлог - Буџет на Општина Валандово за 2026 година беше ставен на гласање и изгласан со 8 гласа ЗА и 7 ПРОТИВ .

ТОЧКА 2

По Предлог - Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2026 година образложение даде Марија Чурлинова Јорданова.

Никој не се јави за збор па беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА и 7 ПРОТИВ.

ТОЧКА 3

По Предлог - Буџетски календар за 2026 година немаше пријавено за дискусија и беше изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 4

По Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

По Финансиски план на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за 2026 година образложение даде ВД Директорката на ЈОУДГ ,,Калинка,, Валандово Гордана Кочева.

Немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА и 7 ПРОТИВ.

ТОЧКА 6

По Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис Валандово за период од 01.01.2025 година до 30.09.2025 година немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 7

По Предлог – Одлуката за давање согласност за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Комунален сервис-Валандово немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 8

По Предлог - Програма за работа и развој на Јавното претпријатије „Комунален сервис” Валандово за 2026 година година немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 9

По Предлог – Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година образложение даде Анита Трајкова.

Градоначалникот истакна дека оваа програма е многу значајна се носи сега, но ако има можност за нови проекти истата ќе се дополни.

Немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Предлог - Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2026 година образложение даде Ѓоко Аврамски.

Немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 11

По Предлог- Програма за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2026 година образложение даде градоначалникот Ѓоко Камчев. Рече дека заедно со оваа одлука за урбанистичко планирање се забрза постапката за 2 ДУП ови за централното градско и во населбата ка Здравствен дом. Од 94- та година па наваму тој процес бил забавен и општината изгубила многу за да го фати чекорот за развој. Носењето на УП ќе биде приоритет, не само за граѓаните да си изградат свои живеалишта, колективни згради и објекти од стопанството. Без урбанистички планови нема доволно приходи во Општината и нема развој.

Ѓоко Аврамски додаде дека Општината има отпочнато постапка за нова зона, кај депонијата каде ќе поминува експресниот пат за Струмица.

Немаше пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 12

По Предлог – Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2026 година немаше пријавено за дискусија па истата беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 13

Во Предлог – Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2026 година образложение образложение даде Ѓоко Аврамски.

Немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 14

По Предлог – Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2026 година немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА

ТОЧКА 15

По Предлог - Програма за одржување на јавната чистота во Општина Валандово за 2026 година градоначалникот Ѓоко Камчев даде образложение. Рече дека јавната чистота е одлика на секоја модерна општина. Општината ќе аплицира за нова опрема за одржувањето на јавната чистота за ЈП Комунален сервис, како мултифункционални возило за миење на улици. Во 2026 година рече дека има простор за подобрување на јавната чистота. Рече дека сите граѓани издвојуваат по 80 денари месечно и повика сите да дадат поддршка на ЈП за одржување на јавната чистота.

ТОЧКА 16

По Предлог - Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на подрачјето на Општина Валандово за 2026 година немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 17

По Предлог - Програма за активности на Општина Валандово во обласга на културата во 2026 година немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 18

По Предлог – Програмата за спорт на Општина Валандово за 2026 година немаше пријавено за дискусија па бешен ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 19

Предлог - Програма за одбележување на значајни дати, настани и личности од поблиското и подалечното минато на македонскиот народ и општината во 2026 година беше изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 20

Предлог – Програма за активностите на општина Валандово во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2026 година беше изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 21

Програма за активности на Општина Валандово во областа на социјалната заштита за 2026 година беше ставена на гласање иизгласана со 9 гласа ЗА 5 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 22

По Предлог - Програма за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2026 година немаше пријавено за дискусија и беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 23

Предлог – Програма за работа на Советот на Општина Валандово за 2026 година беше изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 24

По Предлог - Програма за работа на ТППЕ Валандово за 2026 година образложение даде командирот на ТППЕ горан Дилберовски.

Немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 25

По Предлог – Решение за престанување на мандатот и за именување на претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово од страна на Претседателот на комисијата за мандатни прашање Мартин Мишков беше образложено дека на комисијата беше одлучено да биде разрешен стариот член Јасмина Проданова поради не присуствување на седница на УО повеќе од 3 пати, и наместо неа да се назначи Данче Коцевска.

Немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 10 гласа ЗА , 1 ПРОТИВ и 4 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 11

По Предлог – Одлука за бесплатен престој на децата од семејства со социјален ризик, семејства приматели на социјална помош и деца со самохран родител во ЈОУ Детска градинка „Калинка“ Валандово беше отворена јасправа.

Надица Недиќ се јави за збор. Најпрво се исправи бидејќи во претходната дискусија рече дека Одлуката за бесплатен престој е донесена минатата година, а сега изјави дека истата е донесена на 31.12.2022, а објавена на 01.01.2023 година.

Градоначалникот се јави за збор. Рече дека одлуката важи до 31.12.2025 година, а сега се носи нова одлука во која стои за кои категории на корисници ќе биде бесплатна градинката, односно ќе се укине партиципацијата. А за тоа дека треба да биде укината за сите рече дека не се согласува и праша зошто социјална помош не се исплаќа на сите, за да бидат еднакви. Рече дека самиот износ од 1490 денари е социјална компонента. Со месечниот износ кој Општината го издвојува од 339 000 денари или 4 000 000 денари на годишно ниво, може да се подобрат условите и храната во градинките. Рече дека ќе се донесат 3 нови дополнителни одлуки и дека тој е за стратешки пристап, одржливост и подобрување на условите во детските градинки.

Надица Недиќ се јави за контра реплика. Рече дека кога нешто било за сите, а повеќе не е, значи дека се укинува. Системот за социјална помош не бил никогаш за сите. Социјалниот ризик е менлива категорија и треба да се следи. Рече дека таа гласала за воведување на бесплатна градинка и доколку пак се стави на дневен ред , повторно би гласала за неа.

Градоначалникот се јави за контра реплика. Повторно побара да се набројат 5 општини кои ја имаат оваа мерка, а советничката Надица Недиќ одговори дека нема таква информација, а кога ќе има истата ќе ја сподели.

Крсте Тодоров се јави за дискусија. Рече дека на некои граѓани им бил даде анкетен лист, а на некои не. Одлуката е донесена во 2023 година, и ако сега општината е во криза, може истата да ја донесе повторно наредната година.

Градоначалникот зема збор. Рече дека од интерната анкета која била направена се гледало дека поголем број на граѓани се за укинување на бесплатната градинка. Рече дека откако станал тој градоначалник морал да плати 3 или 4 месечни износи за партиципацијата бидејќи на градинката и постоела опасност од тужби за неплатени обврски.

Ерсан Фетиков се јави за збор. Рече дека колегите од позицијата сега се песимисти, а треба да бидат оптимисти, бидејќи за време на кампањата цела Влада беше во Валандово и ветуваше дека се ќе биде добро.

Градоначалникот му реплицираше на советникот Ерсан Фетиков. Рече дека цела претходна Влада била во Валандово, а не сегашната. Рече дека нема одржливост без пари, а дали Владата ќе ни помогне или не, ќе видиме. Побара од опозицијата да се работи и да се даваат конструктивни предлози.

Претседателката на Советот Марија Чурлинова рече дека Валандово, Дојран и Градско се единствените општини каде беше укината партиципацијата.

Немаше други пријавено за дискусија па толката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА и 7 ПРОТИВ.

ТОЧКА 27

По Предлог – Одлука за доделување на еднократен финансиски надоместок за новородено дете на семејства со фактичко и континуирано живеалиште на подрајчето на Општина Валандово беше отворена расправа.

Надица Недиќ се јави за збор. Рече дека оваа одлука не е во ред. Сите кои имаат лична карта од Општина Валандово плаќаат такси, надоместоци и даноци на општината. Терминот континуирано и фактички живеење во општината треба да се уреди.

Градоначалникот зе јави за репллка. Рече дека оваа одлука треба да се доуреди со друг акт. Со неа треба да се исклучат оние граѓани кои живеат во странство, а земаат надомест од Општината, поради тоа што имаат лична картаод Општина Валандово.

Надица Недиќ се јави со контра реплика. Рече дека оваа одлука како што е ги исклучува и граѓаните кои живеат и работат во други општини во Републиката.

Градоначалникот на ова одговори дека и граѓаните кои живеат и работат во други општини во Републиката персоналниот данок не го плаќаат на шифрата 108 што е за Општина Валандово и апелираше до сите тоа да си го уредат со нивните сметководители.

Бранко Ѓоргиев се јави за збор и рече дека треба да се наведе попрецизно за кои деца се однесува.Со закон треба да биде задолжително одењето на децата во градинка и тогаш исто како и средното образование треба да биде бесплатно.

Ерсан Фетриков се јави за збор. Рече дека во Одлуката стои дека потребно е да се достават лични карти од двајцата родители, а некогаш тоа не е можно, затоа треба да биде доволно само од едниот родител.

Немаше други пријавено за дискусија и точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА и 7 ПРОТИВ.

ТОЧКА 28

По Предлог- Одлука за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на Општината Валандово за време на Новогодишните и Божиќните празници 02.01, 03.01 и 06.01 2026 година за 2 часа беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше затворена.

Записничар<br>С.Х.Јовановиќ

Совет на Општина Валандово<br>Претседател<br>Марија Чурлинова